Општина Охрид
Градоначалник

Република Северна Македонија
Општина Охрид
Единица на локалната самоуправа
Бр. 08-66/6
04.02.2022 год.
Охрид

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Врз основа на член 50 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/2002), член 34 од Статутот на општина Охрид, Правилникот за критериумите, условите и постапката зaa субвенционирање и распредлба на финансиските средства од програмата за спорт и рекреација од буџетот на општина Охрид за програми на спортски клубови, спортски здруженија, спортски манифестации, настани, проекти спортисти и други правни лица од областа на спортот бр. 09-13105/1 од 16.12.2021 година, објавениот Јавен повик за распределување на буџетските средства од програмата за спорт и рекреација од буџетот на општина Охрид за 2022 година за финансирање програми од Спортски клубови, Спортски здруженија, Спортски манифестации, Спортисти, други правни лица од областа на спортот на територијата на општина Охрид бр. 09-66/2 од 10.01.2022, а во согласност со Записник бр. 03-66/3 од 03.02.2022 година на Комисијата за спроведување на јавниот повик бр. 09-66/1 од 04.01.2022 година, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за распределување на буџетските средства од програмата за спорт и рекреација од буџетот на општина Охрид за 2022 година за финансирање програми од Спортски клубови, Спортски здруженија, Спортски манифестации, Спортисти, други правни лица од областа на спортот на територијата на општина Охрид.

1. Се врши распределба на парични средства од програмата LO спорт и рекреација за 2022 година, конто 464990 од Буџетот на општина Охрид и тоа на следните баратели за организирање спортски настани, манифестации и проекти:

| Бр. | Спортски настани, манифестации и проекти | Паричен износ |
|---|---|---|
| 1 | Охрид Трчат 2022 | 445,000.00 |
| 2 | Параглајдинг Европски Куп | 395,000.00 |
| 3 | Спорт за сите-Охрид Ултра Траил | 300,000.00 |
| 4 | Охрид нуркат-клуб за подводни дејности-Охрид | 170,000.00 |
| 5 | Планинско лудило | 150,000.00 |
| 6 | Мал Илинденски маратон | 130,000.00 |
| 7 | ФерПлеј Куп | 120,000.00 |
| 8 | Едриличарска Регата-Акватика јахтинг | 110,000.00 |
| 9 | ПК Акваспирит-Охрид опен 2022 | 100,000.00 |
| 10 | Нуркачки клуб Амфора | 100,000.00 |
| 11 | Нуркачки клуб Акватек | 100,000.00 |
| 12 | Олимписки пливачки 5км и 10км Охридски бранови | 90,000.00 |
| 13 | ККК Стрмец-Кајакарска Регата2022 | 90,000.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 14 | **Тенис за сите-ТК Адвантико** | 80,000.00 |
| 15 | **Акватлон-АК Охрид трчат** | 80,000.00 |
| 16 | **Трофеј Охрид Топ Тим-Фуд.турнир** | 80,000.00 |
| 17 | **Охрид Опен Хваранг Фист** | 75,000.00 |
| 18 | **Охрид Опен-Хваран ИТФ** | 70,000.00 |
| 19 | **Мечрејс Куп Регата** | 60,000.00 |
| 20 | **Аматер-едриличарска регата** | 55,000.00 |
| 21 | **Ијка-Като куп(карате)меѓ.турнир** | 50,000.00 |
| 22 | **Пливаме во Сино-Аква спирит** | 50,000.00 |
| 23 | **Петка за ракомет-РК Седмерец** | 50,000.00 |
| 24 | **Балкански надежи-ФК Копенхаген** | 40,000.00 |
| 25 | **Новогодишен куп-ФК Копенхаген** | 30,000.00 |
| 26 | **Петка за ракомет-РК ВардарСедмерец** | 30,000.00 |
| 27 | **Ватерполо турнир** | 30,000.00 |
| 28 | **Аматер-ден на скејтери** | 30,000.00 |

2. Се одбива барањето за доделување парични средства поради неисполнување на условите, односно поради некомплетна документација:

| | | |
|---|---|---|
| **29** | **ШК Ласкер и ШК Младинска Школа Струга** | **се одбива** |

3. Се задолжува Секторот за спорт и млади да склучи Договори со сите баратели на кои им се доделени парични средства.
4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Општина Охрид на ден 10.01.2022 година, распиша Јавен повик за распределување на буџетските средства од програмата за спорт и рекреација од буџетот на општина Охрид за 2022 година за финансирање програми од Спортски клубови, Спортски здруженија, Спортски манифестации, Спортисти, други правни лица од обласата на спортот на територијата на општина Охрид со бр. 09-66/2.

Комисијата задолжена за спроведување на јавниот повик, со Записник од отварање на понуди, констатира дека до крајниот рок за доставување на барања до Архивата на Општина Охрид беа доставени 76 пријави.

На ден 26.01.2022 година, по два одржани состаноци, Комисијата врз основа на Правилникот и критериумите во истиот, изготви бодовна листа за спортски настани, манифестации и проекти за распределба на финансиските средства утврдени со Јавниот повик бр. 09-66/2 од 10.01.2022 година, предвидени во Буџетот на општина Охрид.

Комисијата за евалуација на пријавите изготви Извештај за спортски настани, манифестации и проекти.

Според Извештајот на Комисијата, поради некомплетна документација, односно поради несоодветна документација одбијан беше барателот ШК Ласкер и ШК Младинска школа Струга.

Врз основа на гореизнесеното, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот на Решението.

Доставено до:
- Архива
- Сектор за спорт, млади и невладини организации
- Сектор за финансиски прашања
- Одделение за односи со јавност
- Кабинет на Секретар

**Изготвил:**
**Пом. Раководител на Сектор за правни работи**
**Иван Лотески**

**Одобрил:**
**Секретар на општина Охрид**
**Александар Китески**

**Општина Охрид**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков**

---------------------------